**1433.**

Врз основа на член 184 точка с) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 17.4.2013 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА МИСЛЕЊЕТО ШТО ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР ГО ДАВА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА КАЈ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЧИИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОТИРААТ НА БЕРЗА**

**Општи одредби**

Член 1

Со Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст: правилник) се пропишува содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (во понатамошниот текст: мислење).

Член 2

Мислењето од член 1 на овој Правилник овластениот ревизор го дава во писмена форма на македонски јазик и неговото кирилично писмо пред донесување на одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна од надлежен орган на акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, надминува 10% од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

Член 3

Мислењето од член 1 на овој Правилник овластениот ревизор го дава според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Македонија, што се ажурираат на годишна основа заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

**Форма и содржина на мислењето**

Член 4

(1) Во постапката за одобрување зделка со заинтересирана страна, ревизорот дава Извештај за разумно уверување во форма и содржина пропишана со Меѓународниот стандард за аранжмани за уверување 3000.

(2) Извештајот што го дава ревизорот задолжително содржи и изјава за следното:

- дали постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирањето на мислењето, на усвоените претпоставки и услови,
- дали постојат било какви суштински прашања утврдени од страна на овластениот ревизор, кои се однесуваат на конкретната зделка,
- кои методи на вреднување се користени при формирање на мислење од страна на овластениот ревизор за соодветноста на цената/односот на размена,
- важноста доделена на секој користен метод на вреднување,
- кои вредности се добиени при одделно користење на секој метод на вреднување,
- врз основа на користените методи на вреднување, во кој распон се движи добиената вредност, како и кои критериуми се користени за определување на крајниот износ,
- кои извори се користени за утврдување на релевантите податоци кои се предмет на анализа,

(3) Заклучокот во Извештајот на ревизорот задолжително содржи мислење на ревизорот по однос на следните прашања:

- дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- дали зделката со заинтересирана страна е фер односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови,
- дали постои несразмерност во заемните давања на страните,
- дали постојат и некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна
- дали во досегашните финансиски извештаи на акционерското друштво реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од аспект на можна измама и манипулација.

**Завршни одредби**

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03 - 764/1
17 април 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

---

**1434.**

Врз основа на член 184 став 1 алинеја р, член 184-а став 3 и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" 95/205, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 17.4.2013 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОДЕТАЛНО ПРОПИШУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР КОЈ ДАВА МИСЛЕЊА ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

Член 1

Со Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислења во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна (во натамошниот текст: Правилник) подетално се пропишуваат условите и се пропишува потребната документацијата која задолжително се приложува како доказ за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислења во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Член 2

(1) Овластен ревизор која дава мислења на акционерски друштва во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна треба да ги исполнува следниве услови:

1. да има искуство во вршење ревизии повеќе од една година под што се подразбира вршење ревизии на акционерски друштва во согласност со закон, а се докажува со изјава од овластениот ревизор;

2. доказ (М1/М2) дека е вработен во друштво за ревизија под кое се подразбира трговско друштво кое е регистрирано и врши ревизија согласно со Законот за ревизија и Законот за трговските друштва, а се докажува со документ издаден од Трговскиот регистар и лиценца издадена од Советот за унапредување и развој на ревизијата (во натамошниот текст: СУНР);

3. во последните три години да не бил под мерки изречени од страна на надлежен орган од областа на ревизијата под што се подразбира изречена дисциплинска мерка од Институтот на овластени ревизори на Република Македоија и мерки изречени од СУНР во согласност со Законот за ревизија, а се докажува со писмен документ издаден од надлежен орган;

4. да е запишан во Регистарот на овластени ревизори кои даваат мислења во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кој го води Комисијата.

(2) Овластениот ревизор го докажува исполнувањето на условите од став 1, точка 1,2 и 3 од овој член.

Член 3

(1) Покрај условите од член 2 од овој Правилник, овластениот ревизор треба да ги исполнува и следните услови:

- да нема конфликт на интереси со акционерското друштво што подразбира независност на овластениот ревизор од управниот одбор или одборот на директори на акционерското друштво кој го назначува, како и неповрзаност и независност од секој бизнис, финансиски или друг интерес кој би можел да влијае на мислењето во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна;

- во последните три години овластениот ревизор да не давал консултантски услуги на акционерското друштво, под што се подразбираат консултантски услуги од било кој вид кои можат да доведат до состојба на конфликт на интереси и повреда или нарушување на независноста на овластениот ревизор во однос на мислењето кое го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

(2) Овластениот ревизор со писмена изјава заверена на нотар пропишана со образецот И-ОР "Изјава од овластен ревизор" кој е составен дел на овој Правилник, го докажува исполнувањето на условите од став 1 на овој член.

(3) Доказите од член 2 ст.1, точка 1 и точка 3 и член 3 од овој Правилник, не смеат да бидат постари од еден месец.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01 - 662/2
17 април 2013 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.